РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 бр. Q-1091/0

Бр. ________
________ год.

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е писмено Барање на мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во два случаи и тоа:

1. Член на Советот на Општина Штип да биде и раководител на подрачната единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија во Штип и
2. Член на Советот на Општина Штип да биде спортски директор на Друштво за спортски дејности ФК „Брегалница 2008" АД Штип, назначен од страна на извршниот директор на акционерското друштво.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно своите надлежности од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издаде следново:

## МИСЛЕЊЕ

Согласно член 72 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, секое службено лице, како и лицата од наведените конкретени случаи, во своето работење се должни да внимаваат на потенцијален судир на интереси и да преземат мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Имено, **во предметните случаи не постои судир на интереси**, но во случај кога на седниците на Советот на Општина Штип би се разгледувале и би се одлучувале прашања што се поврзани со работата на подрачната единица на ФПИОМ Штип или за Друштвото за спортски дејности ФК „Брегалница 2008" АД Штип, потребно е наведените лица (членови на Советот на Општина Штип), согласно член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, веднаш да побараат да бидат изземени и да запрат со своето постапување.

Службеното лице треба да биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано, односно каде што ја врши функцијата, јавните овластувања и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Државната комисија исто така укажува и на член 73 и член 74 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*Член 73*

*(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.*

*(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.*

*(3) **Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон**.*

*Член 74*

*(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.*

*(2) По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за избор, именување или вработување, раководното лице од ставот (1) на овој член, е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.*

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk